ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
**Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-416/7**
**16.11.2023год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.32/2020) и член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВЕН ПОВИК

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Урбан Блок 15.11 општина Гевгелија, дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Јавна презентација и јавна анкета
за Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2, општина Гевгелија**

Планскиот опфат на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2, општина Гевгелија е ограничен

- на **север** по осовината на улица „Новопланирана 8“ од Имена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 10.2 општина Гевгелија;
- на **исток** по осовината на улица „Новопланирана 6“ од Детален урбанистички план за блок 10.2 општина Гевгелија;
- на **југ** по осовината на Булевар „Гевгелија“ од ГУП за град Гевгелија;
- на **запад** по осовината на Улица „7ми Ноември“ од ГУП за град Гевгелија.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **3,44 ha**.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи **во малата сала на Народниот театар во Гевгелија на ден 05.12.2023 година (вторник) со почеток во 11.00 часот.**

Деталниот урбанистички план ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при Општина Гевгелија и на веб страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk.

Јавната анкета ќе трае 30 дена и тоа од **05.12.2023г. до 05.01.2024г.**

Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 212 137, ++389 34 217 868
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk